ВФП отворен доброволен пензиски фонд – Скопје

Финансиски извештаи
за периодот што завршува на
30 септември 2024 година

СОДРЖИНА:

	Страна
Извештај за нето средствата на фондот	3
Извештај за работењето на фондот	4
Извештај за промените на нето средствата	5
Финансиски показатели според сметководствени единици	6
Извештај за бројот на сметководствени единици	7
Белешки кон финансиските извештаи	8 – 30
Прилози	

ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ДЕН 30.09.2024

Р.бр	Група на конта или конто	Позиција	Белешки	30 септември 2024	31 декември 2023
1	2	3	4	5	6
1	10	Парични средства	3	328,385	3,497,576
2	11	Побарувања од продажба на хартии од вредност		-	-
3	12	Побарувања по основ на вложувања	4	-	-
4	13	Побарувања од Фондот на ПИОСМ		-	-
5	14	Побарувања од други пензиски фондови	5	756,019	5,291,825
6	15	Побарувања за дадени аванси		-	-
7	16	Побарувања од пензиските друштва или чуварот на имот		-	-
8	17	Побарувања од државата и други институции		-	-
9	18	Побарувања за хартии од вредност купени директно од издавачот		-	-
10	19	Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР)		98	390
11		**Вложувања во хартии од вредност и депозити (12+13+14)**		**145,212,589**	**64,170,946**
12	3	Финансиски средства кои се чуваат за тргување	6	133,192,092	58,549,440
13	4	Финансиски средства кои се расположиви за продажба		-	-
14	5	Финансиски средства кои се чуваат до достасување	7	12,020,497	5,621,506
15		**ВКУПНО СРЕДСТВА (збир од 1 до 11)**		**146,297,092**	**72,960,737**
16	20	Обврски за неконвертирани придонеси		-	-
17	21	Обврски по основ на вложување во хартии од вредност, депозити и пласмани		-	558,434
18	22	Обврски за исплата на пензии/пензиски надоместоци спрема членовите на пензискиот фонд - достасани и неисплатени		-	-
19	23	Обврски за пренос на средства на други пензиски фондови по основ на промена на членство		-	-
20	24	Краткорочни обврски за заеми и кредити		-	-
21	25	Долгорочни обврски за заеми и кредити		-	-
22	26	Обврски кон пензиското друштво	8	111,347	98,814
23	27	Обврски за брокерски и посреднички провизии		-	674
24	28	Останати обврски на пензискиот фонд		-	-
25	29	Пасивни временски разграничувања		-	-
26		**ВКУПНИ ОБВРСКИ (збир од 16 до 25)**		**111,347**	**657,922**
27		**НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (15-26)**		**146,185,744**	**72,302,816**
28		Број на издадени сметководствени единици		1,247,786.757041	676,431.771361
29		**ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ЕДИНИЦА (27/28)**		**117.156031**	**106.888557**
30	90	Парични приливи по основ на уплатени придонеси од членови на фондот		33,243,566	16,245,198
31	91	Парични приливи по основ на пренос на средства од други фондови од промена на членство		104,129,350	54,803,998
32	92	Парични одливи по основ на исплатени пензии односно пензиски надоместок		(1,530,895)	(227,453)
33	93	Парични одливи по основ на преноси на средства во други фондови од промена на членство		(1,682,717)	(1,419,214)
34	94	Добивка/Загуба од тековната финансиска година		9,126,154	3,142,999
35	95	Акумулирана добивка/Загуба од претходни години		2,900,287	(242,712)
36	96	Реваловризација на хартии од вредност расположиви за продажба		-	-
37		**ВКУПНО ОБВРСКИ ВО ОДНОС НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА (збир 30 до 36)**		**146,185,744**	**72,302,816**

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи на Фондот се одобрени за издавање од страна на Управниот одбор на ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ на 29 октомври 2024 година и беа потпишани од страна на:

Г-дин Марио Ѓорѓиев
Претседател на Управен одбор

Mario Gjorgjiev Digitally signed by Mario Gjorgjiev Date: 2024.10.30 16:12:03 +01'00'

Г-дин Артон Лена
Член на Управен одбор

ARTON LENA Digitally signed by ARTON LENA Date: 2024.10.30 16:30:40 +01'00'

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 30.09.2024

Р.бр	Група на конта или конто	Позиција	Белешки	Период од 01.01.2024 до 30.09.2024	Период од 01.01.2023 до 30.09.2023
1	2	3	4	5	6
		ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА			
1	70	Приходи од камати и Амортизација на премијата/дисконтот на хартиите од вредност кои достасуваат на фиксен датум	9	2,479,641	758,785
2	71	Приходи од дивиденди		426,830	102,638
3	73	Реализирани капитални добивки	10	1,698	-
4	74 (741+742)	Позитивни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти		9,709	6,876
5	75	Други неспоменати приходи		-	-
6		**ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА (збир од 1 до 5)**		**2,908,169**	**868,299**
		РАСХОДИ			
7	60	Трошоци од работење со пензиското друштво и чуварот на имот		716,816	218,965
8	61	Расходи по основ на камати		-	-
9	63	Реализирани капитални загуби	10	-	-
10	64 - (641+642)	Негативни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти		21,221	14,832
11	65	Расходи за брокерски провизии и останати посреднички трошоци		38,933	22,161
12	66	Загуба поради оштетување		-	-
13	69	Други расходи		(94)	31
14		**ВКУПНО РАСХОДИ (збир од 7 до 13)**		**776,876**	**255,988**
15		**НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (6-14)**		**2,142,160**	**612,311**
16	72-62	Нереализирана капитална добивка/загуба од вложувања во хартии од вредност	11	6,985,092	928,906
17	(741+742)+642)	Нето курсни разлики од вложување во финансиски инструменти	12	59	4,777
18		**ВКУПНО НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ/ЗАГУБИ ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (16+17)**		**6,983,994**	**933,683**
19		**НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ (15+18)**		**9,126,154**	**1,545,994**

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА
ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 30.09.2024

Р.бр	Група на конта или конто	Позиција	Период од 01.01.2024 до 30.09.2024	Период од 01.01.2023 до 30.09.2023
1	2	3	4	5
		ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД		
1	**Од Образец 2 позиција 15**	**НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД ВЛОЖУВАЊА**	**2,142,160**	**612,311**
2	**Од Образец 2 позиција 18**	Вкупно нереализирана добивка/загуба од вложувања во хартии од вредност	6,983,994	933,683
3	**96**	Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба	-	-
4		**ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (1+2+3)**	**9,126,154**	**1,545,994**
5	**90**	Парични приливи по основ на уплатени придонеси	16,998,368	5,236,161
6	**91**	Парични приливи на средства од други пензиски фондови од промени на членство	49,325,352	20,448,443
7	**92**	Парични одливи по основ на исплатени пензии / пензиски надоместок	(1,303,442)	(129,457)
8	**93**	Парични одливи на средства во други пензиски фондови од промена на членство	(263,503)	(428,224)
9		**ВКУПНО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД ТРАНСАКЦИИ СО СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (5+6+7+8)**	**64,756,775**	**25,126,923**
10		**ВКУПНО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА (4+9)**	**73,882,929**	**26,672,917**
		НЕТО СРЕДСТВА		
11		На почетокот на периодот	72,302,816	23,176,997
12		На крајот на периодот (10+11)	146,185,744	49,849,914
		БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ	676,431.771361	
13		Издадени сметководствени единици врз основа на уплатени придонеси	149,921.093646	91,164.473320
14		Издадени сметководствени единици врз основа на пренос на средства од други пензиски фондови од промена на членство	435,309.506407	392,853.793412
15		Повлечени сметководствени единици врз основа на исплата на пензии/пензиски надоместоци	(11,542.647503)	(1,238.688908)
16		Повлечени сметководствени единици врз основа пренос на средства во други пензиски фондови од промена на членство	(2,328.623806)	(4,207.886425)
17		Повлечени сметководствени единици врз основа на корекција на погрешна уплата	(4.343064)	-
18		**БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ (13+14+15+16+17)**	1,247,786.757041	478,571.691399

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ
ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 30.09.2024

ОЗНАКА НА ПОЗИЦИЈАТА	ПОЗИЦИЈА	Период од 01.01.2024 до 30.09.2024	Период од 01.01.2023 до 30.09.2023
1	3	5	6
	ВРЕДНОСТА НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД ПО СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕДИНИЦА НА ПОЧЕТОКОТ НА ПЕРИОДОТ		
1	НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД НА ПОЧЕТОКОТ НА ПЕРИОДОТ	72,302,816	23,176,997
2	БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПЕРИОДОТ	676,431.771361	234,604.658645
3	**ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ЕДИНИЦА НА ПОЧЕТОКОТ НА ПЕРИОДОТ (1/2)**	**106.888557**	**98.791717**
	ВРЕДНОСТА НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД ПО СМЕТКОВОДСТВЕНА ЕДИНИЦА НА КРАЈ НА ПЕРИОДОТ		
4	НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ	146,185,744	49,849,914
5	БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ	1,247,786.757041	478,571.691399
6	**ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ЕДИНИЦА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ (4/5)**	117.156031	104.163942
	ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОКАЗАТЕЛИ И ПОДАТОЦИ		
7	ОДНОС ПОМЕЃУ РАСХОДИТЕ[1] И ПРОСЕЧНИТЕ НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД [2]	0.0067	0.0069
8	ОДНОС ПОМЕЃУ НЕТО ДОБИВКАТА/ЗАГУБАТА ОД ВЛОЖУВАЊАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД И ПРОСЕЧНИТЕ НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД [3]	0.0190	0.0175
9	СТАПКА НА ПРИНОС НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД [4]	10.23%	/

[1] показателот се добива кога збирот од позициите 7 и 11 од Образецот бр. 2 ќе се подели со просечните нето средства на пензискиот фонд;

[2] просечните нето средства на пензискиот фонд се добиваат кога збирот на вредностите на нето средствата на пензискиот фонд од последниот пресметковен ден од месеците во периодот кој е предмет на анализа ќе се подели со бројот на месеците;

[3] показателот се добива кога позицијата 15 од образецот бр.2 ќе се подели со просечните нето средства на пензискиот фонд;

[4] се пресметува согласно формулата од Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови.(Белешка 2.8).
Приносот прикажан за 30.09.2024 година е номинален седумгодишен принос сведен на годишно ниво, пресметан согласно реалниот седумгодишен принос сведен на годишно ниво изнесува 5,74% за 30.09.2024 година.

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА БРОЈОТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ
ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2024 ДО 30.09.2024

во денари

Реден Број	П О З И Ц И Ј А	Број на сметководствени единици	Извори на средствата на фондот
1	2	3	4
1	На почетокот на периодот	676,431.771361	72,306,704
2	Издадени сметководствени единици врз основа на уплатени придонеси во текот на периодот	149,921.093646	16,998,859
3	Издадени сметководствени единици врз основа на пренос на средства од други пензиски фондови од промена на членство во текот на периодот	435,309.506407	49,325,352
4	Повлечени сметководствени единици врз основа на исплата на пензии/пензиски надоместоци	(11,542.647503)	1,303,442
5	Повлечени сметководствени единици врз основа пренос на средства во други пензиски фондови од промена на членство	(2,328.623806)	263,503
6	Повлечени сметководствени единици врз основа на корекција на погрешна уплата	(4.343064)	-
7	Вкупен број на сметководствени единици на крајот на периодот	1,247,786.757041	146,185,745

Вредност на сметководствената единица	
На почетокот на периодот	106.888557
На крајот на периодот	117.156031

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

1. Профил на Фондот

ВФП отворен доброволен пензиски фонд – Скопје претставува отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст "Фондот") кој е основан и работи согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08,124/10,17/11, 13/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21) и Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20, 150/21 и 288/21).

Фондот е основан врз основа на Одлуката за полноважност на условното одобрение за управување со доброволен пензиски фонд бр. 04-02, донесена од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување („Агенцијата" или "МАПАС"), на 27 јули 2022 година.

Фондот е основан со цел прибирање на доброволни придонеси, врз основа на потпишани индивидуални договори за членство и врз основа на потпишани договори за вклучување на професионални пензиски шеми во Фондот, организирани и финансирани од работадавачи и здруженија на граѓани. Акумулираните средства од придонеси се инвестираат во финансиски инструменти со цел да се оствари принос кој им припаѓа на членовите на Фондот. Со доброволното капитално финансирано пензиско осигурување се обезбедува дополнителен извор на средства за пензиски надоместок или еднократно користење.

Фондот започна да функционира на 18 октомври 2022 година.

Фондот претставува посебен имот, без правен субјективитет, кој го сочинуваат средствата од придонесите на членовите и приносите од инвестираните средства. Фондот е сопственост на неговите членови и поединечните сопственички права на членовите се определени од износот на средства на нивните индивидуални сметки. Средствата на сметката на членот на Фондот се дел од неговиот личен имот. Средствата на Фондот се целосно одвоени од средствата на Друштвото за управување и не можат да бидат предмет на побарување ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна или за сметка на доверител.

Со Фондот управува ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ (во понатамошниот текст „Друштвото за управување"), основано на 15.06.2022 година врз основа на одлука на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување („Агенцијата") (Одлука со број 14-438/14 од 31.05.2022 година). Средствата на Фондот се целосно одвоени од средствата на Друштвото за управување со средства.

Адресата на регистрираното седиште на Друштвото е:

бул. Кочо Рацин бр. 3/2- кат 3 и 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Основач на Друштвото за управување е ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје со учество од 100% во акционерскиот капитал.

Единствена дејност на Друштвото е управување со фондови.

Чувар на имотот на Фондот е Комерцијална банка АД Скопје („Банка чувар на имот").

На 30 септември 2024 вкупниот број на членови на Фондот изнесува 567 од кои 259 се членови на професионални пензиски шеми, а 308 се индивидуални договори за членство.

Друштвото за управување има склучено договори за посредување при купопродажба на хартии од вредност на домашниот пазар со Комерцијална Банка АД Скопје и Иново Брокер АД Скопје и на странскиот пазар со Erste Group Bank AG, Виена, Австрија.

1 Профил на Фондот (продолжение)

Управа

Управувачката структура на Друштвото за управување на 30 септември 2024 година е следна:

Надзорен одбор

Руперт Маг. Штробл	Претседател
Петар Андреевски	Член
Владимир Деспотоски	Член
Анета Гацовска – Барандовска	Независен член

Управен одбор

Марио Ѓорѓиев	Претседател
Артон Лена	Член

Одговорност за финансиското известување

Одговорност на Друштвото за управување, за секоја деловна година, е подготовка на финансиски извештаи кои даваат вистинит приказ на финасиската состојба на Фондот, резултатите од неговото работење и промените на нето вредноста на имотот на членовите на пензискиот фонд, во согласност со регулативата на МАПАС и применливата сметководствена регулатива.

МАПАС го пропишува сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи, дополнителните финансиски извештаи, како и содржината на одделните сметки во сметковниот план („Службен весник на Република Македонија “бр. 138/2008).

Друштвото е одговорно за воспоставување на соодветни сметководствени политики, кои доследно ќе се применуваат и со прифатлива точност ќе ја изразуваат финансиската состојба на Фондот.

2 Сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи.

2.1 Основа за подготовка на финансиските извештаи на Фондот

Политиката на секојдневно сметководствено евидентирање и Финансиските извештаи на Фондот се подготвени во согласност со Законот за задолжително и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 7/08, 124/10, 71/11, 13/13 и 103/21), Правилникот за сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи на пензиските фондови („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 71/2023) и Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.138/2008 , 55/2013, 218/2018, 41/2019 и 250/2019), пропишани од МАПАС и објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

Проценката на вредноста на средствата на Фондот, пресметката на вредноста на сметководствената единица и пресметката на стапката на принос се врши согласно Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови пропишан од МАПАС.

Податоците прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во денари.

2.2 Парични средства

Паричните средства вклучуваат салда на трансакциските денарски и девизни сметки. Фондот има наменска денарска сметка за придонеси каде се вршат уплати на парични средства од членовите. Исто така фондот има денарска и девизна сметка за инвестиции преку кои се вршат плаќања и наплати поврзани со работењето а во согласност со законската регулатива.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.3 Финансиски средства

Фондот ги класифицира своите финансиски средства во следните категории: финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби, финансиски средства расположиви за продажба, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и кредити и побарувања.

Раководството ги класифицира вложувањата во моментот на нивното првично признавање.

Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби (финансиски средства кои се чуваат за тргување)

Оваа категорија на финансиски средства се состои од хартии од вредност кои се чуваат за тргување. Едно финансиско средство се класифицира како средство наменето за тргување доколку се стекнува со цел генерирање на добивка од краткорочни флуктуации на цената или доколку е вклучено во портфолиото за кое постои краткорочен фактички облик на остварување добивка.

Финансиски средства кои се чуваат до достасување

Вложувањата кои се чуваат до достасување се не-дериватни финансики средства со фиксни или одредливи начини на плаќање и фиксна доспеаност, при што раководството има позитивна намера да ги чува до нивното доспевање. Доколку Фондот продаде значаен износ на финансиските средства кои се чуваат до доспевање пред нивното доспевање, целата категорија на овие средства се рекласифицира во финансиски средства расположливи за продажба.

Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата се не-деривативни финансиски средства со фиксни или одредени плаќања кои не котираат на активен пазар.

Почетно признавање на финансиските средства

Финансиските средства почетно се признаваат на датумот на тргувањето - датум кога Фондот се обврзува да го купи средството.

Сите финансиски средства различни од средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според објективната вредност зголемени за трошоците на трансакциите.

Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби почетно се признаваат според нивната објективна вредност, при што трошоците на трансакции се признаваат како расходи во периодот во Извештајот за работењето на Фондот. Кредитите се признаваат кога се врши преносот на паричните средства.

При почетното признавање, средствата кои се деноминирани во странска валута се евидентираат во денарска противредност, според средниот девизен курс на НБРСМ за соодветната валута на датумот на тргување.

Последователно мерење

<u>Финансиски средства по објективна вредност преку добивки и загуби</u>

Средствата по објективна вредност преку добивки и загуби последователно се евидентираат по нивната објективна вредност на датумот на проценка на средствата на пензискиот фонд. Доколку со овие средства активно не се тргува на пазарот за хартии од вредност, тие се вреднуваат по нивната амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна каматна стапка.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на средствата по објективна вредност преку добивки и загуби се вклучуваат во Извештајот за работењето на Фондот како нереализирани добивки или загуби за периодот за кои се јавуваат. Доколку хартиите од вредност се продадат или истите доспеат, нереализираните добивки или загуби се прикажуваат во реализирани добивки или загуби.

2. Сметководствени политики (продолжение)

2.3 Финансиски средства (продолжение)

Последователно мерење (продолжение)

Финансиски средства кои се чуваат до достасување

Финасиските средства кои се чуваат до доспевање се мерат според амортизираната набавна вредност, со примена на метод на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е дисконтна стапка по која сегашната (дисконтираната) вредност на сите идни парични текови е еднаква на цената на обврзницата (вклучувајќи ги сите трансакциони трошоци) и претставува интерна стапка на принос на предметната обврзница. Приходите од камата и амортизацијата на дисконтот/премијата се признаваат како приходи во Извештајот за работењето на пензискиот фонд за тековниот период.

Депозитите последователно се мерат според амортизирана набавна вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Објективна вредност

Хартии од вредност со кои се тргува во Европската Униија или ОЕЦД

Објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија или ОЕЦД, треба да биде еднаква на нивната пазарна вредност. При утврдување на објективната вредност на финансиските средства со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија или ОЕЦД се користат единствено пазарните цени кои се резултат од тргување на регулиран секундарен пазар.

Како пазарна вредност на сопственичките хартии од вредност со кои се тргува во земјите членки на Европската Унија и земјите членки на ОЕЦД се смета цената на последното тргување за тој ден остварена на матичната берза на издавачот или берзата која е дефинирана како примарен извор на цената на предметната хартија од вредност и службено објавена на информативниот сервис на Refinitiv Eikon. Доколку на денот на проценка нема тргување со дадената хартија од вредност, нејзината пазарна вредност се утврдува врз основа на цената на последното тргување од последниот ден во кој имало тргување. Пазарната вредност не може да биде утврдена врз основа цената на последното тргување доколку со инструментот не се тргувало во период подолг од 30 дена пред датумот на проценка.

Како пазарна вредност на должничките хартии од вредност со кои се тргува во земја членка на Европската Унија или ОЕЦД се смета цената на последното тргување, службено објавена на финансиско-информативниот сервис на Refinitiv Eikon. Доколку на денот на проценка нема тргување со дадената хартија од вредност, нејзината пазарна вредност се утврдува врз основа на цената на последното тргување од последниот ден во кој имало тргување доколку со инструментот се тргувало во период пократок од 30 дена пред датумот на проценка.

Доколку на финансиско-информативниот сервис Refinitiv Eikon не е објавена цена за финансиските инструменти, за објективна вредност ќе се земе цена од друг финансиско информативен сервис, по насоки дадени од МАПАС.

Хартии од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија

Објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија се добива преку утврдување на нивната пазарна вредност.

Само пазарните цени кои се резултат од тргување на МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје, може да се користат за утврдување на објективната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија.

Пазарната вредност на хартиите од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија е просечната дневна цена по кои се тргувани хартиите од вредност, пондерирани со количината. Од овој просек се исклучени “блок” трансациите. Доколку на денот на проценка нема тргување со дадена хартија од вредност, нејзината објективна вредност се утврдува врз основа на просечната пондерирана цена од последниот ден во кој имало тргување.

Објективната вредност не може да се утврди врз основа на просечна пондерирана цена од тргувањето доколку со инструментот не се тргувало во период подолг од 30 дена пред датумот на проценка. Ако со инструментот не се тргувало во период подолг од 30 дена се применуваат техники на вреднување кога не постои активен пазар.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.3 Финансиски средства (продолжение)

Објективна вредност (продолжение)

Хартии од вредност со кои се тргува во Република Северна Македонија (продолжение)

Купување и продавање на краткорочни хартии од вредност и на државни обврзници, освен обврзници издадени за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните и обврзниците за денационализација, може да се врши и на пазари преку шалтер организирани од страна на НБРСМ во соработка со Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Објективната вредност на овие хартии од вредност се мери со амортизираниот износ со користење на метод на амортизација со ефективна каматна стапка.

Техники на вреднување кога не постои акивен пазар

Кога не постои активен пазар за финанасикиот инструмент, објективната вредност се утврдува според следната методологија:

а) отворените инвестициони фондови се проценуваат според вредноста на уделот утврдена за датумот на проценка, а објавена од страна на Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија или МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје;

б) затворените инвестициони фондови се проценуваат според вредноста на нето средствата по акција;

в) долгорочните должнички хартии од вредност со кои се тргува на официјалниот пазар на МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД Скопје и долгорочните должнички хартии од вредност со кои се тргува во странство се проценуваат според метод на линеарна амортизација, при што почетната вредност е последно утврдената објективна вредност на таа хартија од вредност. Доколку со тие хартии од вредност повторно се тргува, од денот на повторното тргување истите ќе се проценуваат по просечна пазарна цена објавена на активен пазар;

г) акциите издадени од акционерски друштва во Република Северна Македонија или компании и банки од земјите членки на ЕУ или на ОЕЦД се проценуваат според помалиот износ од набавната вредност или износот кој пензискиот фонд може разумно да го добие при промптна продажба;

д) хартиите од вредност врз основа на хипотека се проценуваат со користење на метод на дисконтирани парични текови, при што дисконтната стапка која ќе се користи при пресметка треба да ги одрази пазарните каматни стапки за слични инструменти со ист преостанат рок на доспевање, прилагодена за ризикот од неизвршување на паричните обврски.

По исклучок на точката а) погоре, Фондот може да ја користи последно објавената вредност по удел во инвестиционен фонд. Во ваков случај друштвото треба веднаш, по електронски пат, да ја извести Агенцијата за преземените активности

Во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард „МСС 39 – Финансиски инструменти: Признавање и мерење“ во случај да се продадат дел од средствата кои се држат до достасување поради промена на целите или способноста да се држат до достасување, сите средства кои се класифицирани во категоријата на финансиски инструменти кои се чуваат до достасување треба повторно да се измерат по објективна фер вредност. Од датумот на настанување на ваков конкретен случај во наредните 2 (две) финансиски години ниту една хартија од вредност на пензискиот фонд не треба да се процени и класифицира во категоријата до достасување. Исклучок од ова се случаите кога:

- Се продаваат или пренесуваат во друга категорија на финансиски инструменти не повеќе од 0,1% од средствата кои се чуваат до достасување, а таков случај се појавува само еднаш годишно;
- Се продаваат средства кои имаат најмногу 3 месеци пред крајниот рок на доспевање; или
- Се продаваат средства кај кои е наплатена најмалку 95% од главнината.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.3 Финансиски средства (продолжение)

Нереализирани капитални добивки/загуби

Кај финансиските инструменти за тргување се признаваат нереализирани добивки/загуби како резултат на промена на објективната вредност на хартиите од вредност. Доколку овие финансиски средства се деноминирани во странски валути, курсните разлики се признаваат како нереализирани добивки или загуби. Нереализираните капитални добивки/загуби и приходите од купонска камата се признаваат на дневна основа во Извештајот за работењето. При достасување на главницата или нејзин дел, како и при продажба на хартиите од вредност, износот на нереализираните добивки и загуби се пренесуваат како реализирани добивки/загуби за периодот.

Реализирани капитални добивки/загуби

Реализираните добивки/загуби вклучуваат добивки и загуби по основ на продажба на хартии од вредност и достасани главници и камати на хартии од вредност купени со премија или дисконт кои се класифицирани во портфолио за тргување. Реализираните добивки/загуби се признаваат како приходи и расходи во моментот на нивното настанување.

Добивките и загубите по основ на продажба на хартии од вредност претставуваат разлика помеѓу продажната вредност и сметководствената вредност.

Амортизација на дисконт/премија на хартии од вредност

Кај финансиските инструменти кои се чуваат во доспевање при последователно вреднување се признава приход од амортизација на дисконт/премија, како и приход од купонска камата на должничките хартии од вредност, курсни разлики, доколку истите се во девизи или се со девизна клаузула, и пресметана камата кај орочените депозити. Признавањето на овие приходи и расходи се врши на дневна основа и истите се признаваат во Извештајот за работење на пензискиот фонд.

Средства на Фондот и стратегија за вложување

Во согласност со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, средствата на Фондот може да се вложуваат само во следните видови на финансиски инструменти:

- Најмногу 50% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во средства на странски издавачи од земјите членки на Европската Унија и земји членки на ОЕЦД. Во рамките на ова ограничување:
  - Најмногу 50% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки на земјите членки на ЕУ или на ОЕЦД и во должнички хартии од вредност издадени од Европската централна банка, Европската инвестициона банка и Светската банка;
  - Најмногу 30% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во должнички хартии од вредност кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, издадени од единиците на локалната самоуправа, недржавни, странски компании или банки од замјите членки на ЕУ или на ОЕЦД;
  - Најмногу 30% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во акции издадени од странски компании или банки кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, со кои се тргува на главните берзи во државите-членки на ЕУ или на ОЕЦД;
  - Најмногу 30% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во документи за удел, акции и други инструменти издадени од овластени отворени и затворени инвестициони фондови со седиште во замјите членки на ЕУ или на ОЕЦД.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.3 Финансиски средства (продолжение)

Средства на Фондот и стратегија за вложување (продолжение)

- Најмногу 100% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во средства издадени од субјекти кои се наоѓаат во Република Северна Македонија. Во рамките на ова ограничување:

  - Најмногу 60% можат да се вложат во банкарски депозити, сертификати за депозити, комерцијални записи и обврзници издадени или гарантирани од банки, хартии од вредност врз основа на хипотека издадени или гарантирани од банки;
  - Најмногу 80% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во должнички хартии од вредност (обврзници) издадени или гарантирани од Владата на РСМ;
  - Најмногу 80% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во должнички хартии од вредност (обврзници) издадени или гарантирани од НБРСМ;
  - Најмногу 30% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во акции кои котираат на официјалниот пазар;
  - Најмногу 40% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во обврзници и комерцијални записи издадени од акционерски друштва. Во рамки на ова ограничување најмногу 10% од вредноста на средствата на фондот можат да се вложуваат во обврзници издадени од единиците на локалната самоуправа;
  - Најмногу 5% од вредноста на средствата на Фондот можат да се вложат во документи за удели и акции на инвестициски фондови во Република Северна Македонија.

Депризнавање на финансиски средства

Финансиските средства се депризнаваат кога правото за добивање на паричнен тек од финансиските средства истекло, односно инструментот е продаден, доспеан или отуѓен на друг начин. При депризнавање на финансиските инструменти по пат на продажба, се применува принципот на просечни набавни цени.

Кога се врши продажба на финансиските инструменти за тргување, нереализираните добивки/загуби кои се признаваат во Извештајот за работењето на пензискиот фонд, се депризнаваат како реализирани капитални добивки/загуби. Депризнавањето се врши на нереализираните добивки/загуби признаени во тековната година. Во нереализирани добивки/загуби се вклучени курсните разлики кои произлегуваат од последователното вреднување. При доспевање на дел или цела главница, сметководствениот третман на нереализираните добивки/загуби е ист како кај продажбата.

Во портфолиото до доспевање хартиите од вредност се депризнаваат при доспевање на дел или целосно доспевање на главница.

2.4 Обезвреднување на финансиските средства

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност

На секој датум на известување, Фондот проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство. Финансиското средство или група на финансиски средства се обезвреднети само доколку постои објективен доказ за обезвреднување како резултат на еден или повеќе настани што се појавиле по првичното признавање на средствата ("случај на загуба") и доколку тој случај (или случаеви) на загуба влијае на предвидениот иден готовински тек на финансиското средство или група финансиски средства кои можат веродостојно да се проценат.

Износот на загубата претставува разлика помеѓу сметководствента вредност на средството и сегашната вредност на проценетите идни парични текови (исклучувајќи ги идните загуби по основ на средството) дисконтирани со примена на оригиналната ефективна каматна стапка на финансиското средство. Краткорочните побарувања со доспевање до 1 година не се дисконтираат. Евидентираниот износ на средството се намалува преку употребата на сметка за резервирање поради оштетување, со истовремено признавање на соодветниот расход поради оштетување во тековниот Извештај за работењето на Фондот.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.4 Обезвреднување на финансиските средства (продолжение)

Средства евидентирани по амортизирана набавна вредност (продолжение)

Доколку причините за обезвреднување исчезнат, претходно признаениот износ на загуба поради обезвреднување Фондот го ослободува / анулира преку коригирање на сметката за загуба поради обезвреднување и го вклучува во Извештајот за работењето. Ослободувањето на загубата поради обезвреднување не може да резултира во сметководствена вредност која го надминува износот на амортизираната набавна вредност на средството, доколку не било признаено обезвреднување.

Средства евидентирани по објективна вредност
На крајот на периодот на известување, Фондот проценува дали постои објективен доказ за обезвреднување на финансиското средство. Значителното или пролонгирано опаѓање на објективната вредност на финансиското средство под неговата набавна вредност претставува објективен доказ при утврдувањето на можноста од обезвреднување. Доколку постои таков доказ за финансиските средства расположливи за продажба, кумулативната загуба - измерена како разлика меѓу набавната вредност и тековната објективна вредност се признава во Извештајот за работењето на Фондот, со истовремено нејзино анулирање од ревалоризационите резерви.

2.5 Побарувања и обврски по основ на вложувања во хартии од вредност

Побарувањата и обврските по основ на вложувања во хартии од вредност се однесуваат на продавањето и купувањето на хартиите од вредност и се признаваат како средства и/или обврски на датумот на тргување, а се подмируваат на датумот на плаќање. Овие побарувања вклучуваат и побарувања за дивиденди.

2.6 Нето средства на Фондот

Нето средствата на Фондот ги сочинуваат вкупните средства на Фондот намалени за вредноста на обврските на Фондот.

2.7 Вредност на сметководствената единица

Вредноста на сметководствената единица ја претставува вредноста на нето средствата на Фондот поделена со вкупниот број на сметководствени единици на датумот на пресметка. Исклучок претставува вредноста на сметководствената единица на првиот датум на проценка по првата уплата на придонеси која е утврдена на 100 денари, во согласност со Правилникот за проценка на средствата на пензиските фондови. Вредноста на сметководствената единица се искажува со 6 децимални места.

2.8 Стапка на принос на пензискиот фонд

Стапката на принос се пресметува во номинален и реален износ за претходните 84 месеци (пресметковен период), а потоа се конвертира во еквивалентна годишна стапка на принос, изразена во проценти, со две децимални места.

Доколку Фондот не примал придонеси во период од 84 месеци, но примал во период од 12 месеци, на крајот на септември односно декември, ќе се утврди приносот за периодот од први септември односно декември по основање на фондот до крајот на септември односно декември кога се прави пресметката. Во тој случај пресметковниот период изнесува 78, 72, 66, 60, 54, 48, 42, 36, 30, 24, 18 и 12 месеци.

Стапката на принос во номинален износ за секој пресметковен период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос во номинален износ, се пресметува последната формула:

Rnom = (SEt/SEo)^(365/t)-1

каде,
R е стапка на принос во номинален износ за пресметковниот период;

Set е вредноста на сметководствената единица на последниот ден од пресметковниот период ;

SEo е вредноста на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период т.е број на денови во пресметковниот период.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.8 Стапка на принос на пензискиот фонд (продолжение)

Стапката на принос во реален износ за секој пресметковен период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос во реален износ, се пресметува врз основа на годишната стапка на принос во номинален износ и промена на нивото на трошоците за живот во пресметковниот период со користење на следната формула:

$$Rreal = (1+Rnom) / \{[\Pi_{к}(1+(ik-100)/100))]^{365/t}\}-1$$

кад:,

Rreal е стапката на принос во реален износ за пресметковниот период;

Rnom е стапката на принос во номинален износ за пресметковниот период;

T е бројот на денови во пресметковниот период;

Iк е индекс на трошок на живот, објавен од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, на крајот на септември односно декември во секоја година во однос на Септември или Декември во претходната година, почнувајќи од годината на пресметката наназад за сите години во пресметковниот период и последното полугодие во пресметковниот период доколку тој изнесува 78, 66, 54, 42, 30 или 18 месеци.

2.9 Приходи од камати и дивиденди

Приходите од камати се искажуваат во Извештајот за работењето на Фондот за сите инструменти кои носат камата. Пресметката на каматата се врши согласно договорената односно пропишаната метода на пресметка за секој финансиски инструмент. Приходите од камати вклучуваат приходи од камата на краткорочни и долгорочни депозити во банки, приходи од камата на должничките инструменти, приходи од камати на трансакциските сметки и приходите од дивиденди. Приходите од дивиденда вклучуваат приходи од дивиденди од домашни и странски акции и ETF-и. Приходите од дивиденди се евидентираат по добиена најава за исплата на дивиденда од банката чувар.

2.10 Надоместоци за управување со Фондот

Фондот во 2024 година исплаќа надоместоци на Друштвото за управување со средствата на Фондот на месечно ниво во износ од 0,075% од вредноста на вкупно управуваните нето средства на Фондот.

2.11 Расходи за посреднички провизии

Овие расходи се однесуваат на надоместоците кои се исплаќаат на финансиските посредници (банки и брокерски куќи) кои купуваат хартии од вредност во име на Фондот.

2.12 Добивки/загуби од курсни разлики

Трансакциите во странска валута се евидентираат во денари според средниот курс на НБРСМ кој важел на денот на трансакцијата. Средствата и обврските се евидентираат според важечкиот курс на на крајот на периодот на известување. Курсните разликите се евидентираат во Извештајот за работењето на Фондот.

2.13 Данок на добивка

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за инвестициски фондови, Фондот претставува отворен инвестициски фонд. Фондот нема правен субјективитет и не подлежи на одредбите од Законот за данок од добивка, кој се применува на правни субјекти.

2 Сметководствени политики (продолжение)

2.14 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзан субјект во однос на одредено правно лице или физичко лице е:

- поединечен акционер или група акционери кои поседуваат најмалку 10% од акциите со право на глас или поседуваат помал процент, и имаат посредна или непосредна контрола врз одлучувањето во тоа правно лице;
- било кое друго правно лице во кое првото правно лице, посредно или непосредно, поседува најмалку 10% од акциите со право на глас или поседува помал процент, и има посредна или непосредна контрола врз одлучувањето на тоа правно лице;
- било кое друго правно лице во кое еден акционер, посредно или непосредно, поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас и во ист временски период истиот акционер поседува, посредно или непосредно, повеќе од 20% од акциите со право на глас во првото правно лице;
- физичко лице или правно лице кое има непосредна или посредна контрола, или се контролирани од или се под заедничка контрола на правното лице;
- член на управен одбор, надзорен одбор или член на друг орган на управување или надзор на правното лице; и
- во врска со лицата наведени погоре, лица кои се во сродство преку брак или посвојување, деца и родители, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, баби, дедовци и внуци, на друг начин се крвно поврзани до втор степен, лица кои се во однос родител старател и дете, маќеа или очув и посинок и поќерка и снаа, зет и родители на брачните другари.

3. Парични средства

	30 септември 2024	Во денари 31 декември 2023
Трансакциска сметка во Комерцијална банка АД Скопје, Сметка за придонеси	122,960	1.798.072
Трансакциска сметка во Комерцијална банка АД Скопје,, Сметка за инвестирање	146,403	1.691.007
Девизна сметка во Комерцијална Банка АД Скопје УСД	59,022	8.497
Вкупно	**328,385**	**3.497.576**

4. Побарувања по основ на вложувања

	30 септември 2024	Во денари 31 декември 2023
Побарувања по основ на вложувања	-	-
Вкупно	**-**	**-**

5. Побарувања од други пензиски фондови

	30 септември 2024	Во денари 31 декември 2023
Побарување по основ на пренос од други фондови	756,019	5.291.825
Вкупно	**756,019**	**5,291,825**

6. Финансиски средства кои се чуваат за тргување

Во денари

	30 септември 2024	31 декември 2023
Акции издадени од домашни акционерски друштва	11,909,600	6.011.706
Удели во отворени инвестициски фондови	43,842,491	19.144.319
Државни обврзници издадени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија	72,584,142	32.224.919
Државни обврзници издадени од странски влади и централни банки	4,855,859	1.168.495
Вкупно	**133,192,092**	**58.549.440**

Акции издадени од домашни акционерски друштва

Во денари

	30 септември 2024	31 декември 2023
Обични акции		
MKALKA101011, АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ	5,084,619	2.777.646
MKMTUR101018, МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ	1,096,492	615.861
MKTNBA101019, НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ	1,614,600	886.180
MKMTSK101019 МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ	1,917,735	671.650
MKSTBS101014 СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ	1,414,059	480.990
MKMPTS101014 МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ	782,096	579.380
Вкупно	**11,909,600**	**6.011.706**

Удели во странски отворени инвестициски фондови

Во денари

ИСИН код	Опис	30 септември 2024	31 декември 2023
IE00B6R52259, ISAC	iShares MSCI ACWI UCITS ETF (Acc)	3,191,558	2.733.878
IE00B4X9L533, H4ZJ	HSBC MSCI WORLD UCITS ETF	6,454,948	2.317.809
IE00B4K48X80, EUNK	iShares Core MSCI Europe UCITS ETF EUR (Acc)	5,379,582	2.343.638
IE00BFY0GT14, SPPW	SPDR MSCI World UCITS ETF	6,876,550	2.759.896
IE00BJ0KDR00, XD9U	Xtrackers MSCI USA UCITS ETF 1C	1,794,810	1.505.046
IE00BFMXXD54, VUAA	Vanguard S&P 500 UCITS ETF (USD) Accumulating	5,312,020	2.473.541
IE00BK5BQV03, VGVF	Vanguard FTSE Developed World UCITS ETF Acc	6,263,272	2.775.542
IE00B5BMR087	iShares Core S&P 500 UCITS ETF USD (Acc)	2,676,969	2.234.969
IE00BJ0KDR00	Xtrackers MSCI USA UCITS ETF 1C	3,684,143	-
IE00B5BMR087	iShares Core S&P 500 UCITS ETF USD (Acc)	2,208,638	-
	Вкупно	**43,842,491**	**19.144.320**

6 Финансиски средства кои се чуваат за тргување (продолжение)

Државни обврзници издадени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија

Во денари

ИСИН код	Тикер симбол	Опис	30 септември 2024	31 декември 2023
MKMINF20GY65	DO2022/15-1137	Државна обврзница	605,276	583.534
MKMINF20GY73	DO2022/16-1237	Државна обврзница	448,611	431.880
MKMINF20GY99	DO2022/18-1237dk	Државна обврзница	8,330,400	8.022.895
MKMINF20GY81	DO2022/17-1237	Државна обврзница	3,122,182	3.001.458
MKMINF20GZ07	DO2023/01-0138	Државна обврзница	1,225,586	1.241.807
MKMINF20GZ15	DO2023/02-0238	Државна обврзница	662,855	671.946
MKMINF20GZ49	DO2023/05a-0338	Државна обврзница	2,059,302	2.089.010
MKMINF20GAD4	DO2023/11-0738	Државна обврзница	2,533,386	2.571.447
MKMINF20GAF9	DO2023/14-0838	Државна обврзница	1,009,720	1.024.890
MKMINF20GAG7	DO2023/15-0938	Државна обврзница	1,807,431	1.834.585
MKMINF20GAI3	DO2023/17A-0938	Државна обврзница	2,394,378	2.430.350
MKMINF20GAN3	DO2023/22-1238	Државна обврзница	6,870,532	6.569.854
MKMINF20GA01	DO2023/23-1238dk	Државна обврзница	1,828,101	1.751.262
MKMINF20GAR4	DO2024/03-0139	Државна обврзница	3,609,084	-
MKMINF20GAT0	DO2024/05-0239	Државна обврзница	4,213,513	-
MKMINF20GAV6	DO2024/07-0339	Државна обврзница	1,444,255	-
MKMINF20GAW4	DO2024/08-0439	Државна обврзница	5,233,043	-
